Уп. бр. 08-86

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од друштвото Оутотек Ои (Outotec Oyj) со регистрирано седиште на Раухланпуисто 9, ФИ 02230 Еспо, Финска преку адвокат Љупка Новеска Андонова од Скопје, на седницата одржана на ден 04.12.2019 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

1.Се утврдува дека концентрацијата со која Оутотек Ои (Outotec Oyj) со регистрирано седиште на Раухланпуисто 9, ФИ 02230 Еспо, Финска ќе стекне самостојна контрола над работењето со минерали на Метсо Ои (Metso Oyj) со регистрирано седиште на Тоолонлахденкату 2, ФИ-00100, Хелсинки, Финска, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 12.11.2019 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), доставено е известување за концентрација од страна на Оутотек Ои (Outotec Oyj) со регистрирано седиште на Раухланпуисто 9, ФИ 02230 Еспо, Финска, со која Оутотек Оуј има намера да стекне самостојна контрола над работењето со

минерали на Метсо Ои, со регистрирано седиште на Тоолонлахденкату 2, ФИ-00100, Хелсинки, Финска.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

-**Оутотек Ои** е индустриски конгломерат кој развива технологии и услуги за одржливо користење на природни ресурси. Оутотек Ои развива технологии и услуги во две области:

-Обработка на минерали: мелење, филтри, згуснувачи и резервоари за разделување, автоматизација и дигитални решенија и решенија за постројки.

-Етали, енергетика и вода: хидрометалургија, топење, обработка на метали и хемикалии,  алуминиум и енергетика и животна средина.

Оутотек Ои нема регистрирани друштва, подружници, претставништва или било какво друго присуство во Република Северна Македонија.

**Метсо Ои** се состои од работењето со минерали на Метсо, индустриски конгломерат кој примарно ги опслужува индустриите за:

-Рударство: дробилки, сита и фидери, мелници за мелење), хидроциклони, опрема за флотација и филтрација, пиро-обработка, опрема за ракување со материјали, пумпи за кашеста маса, резервни и потрошни делови, и услуги;

-Агрегати: дробилки, сита и фидери, преносни постројки, Lokotracks, резервни и потрошни делови, и услуги;

-Рециклирање: уништувачи на метал и ножици стационарни и мобилни единици, метални балери и брикети N серии за отпадната индустрија и услуги и

-Вентили за индустриите за обработка (деловно работење со контрола на тек): стандардни и посебни вентили за контрола, вентили за гасење во случај на итност, тркалезни вентили и во вид на пеперутка, автоматизирани исклучи-вклучи вентили, интелигентни контролори на вентили и услуги. Работењето со вентили не е дел од Предложената трансакцијата и нема да биде здружен со Оутотек.

Метсо Ои има регистрирано зависно друштво во Република Северна Македонија - МЕТСО МИНЕРАЛС ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул. „Њуделхиска“ бр. 6-2/4, Карпош, Скопје. Активностите на МЕТСО МИНЕРАЛС ДООЕЛ Скопје во Република Северна Македонија се состојат од:

- Продажба на инвестициона опрема и резервни делови и

- Потрошни делови и обезбедување на услуги на последователниот пазар за обработката на минерали, и во помал обем, во секторот за агрегати.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (2) и од член 14 став (1) точка (2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Д-р Владимир Наумовски**